ResearchGate

See discussions, stats, and author profiles for this publication at: https://www.researchgate.net/publication/287201624

# МЕТОДИЧКИ АСПЕКТИ НА БУКВАРОТ ОД ЃОРЃИ ДЕЛЧЕВ (Methodological Aspects of the ABC- book from Gjorgji Delchev)

**Article** · January 2015

READS
8

**2 authors:**


Daniela Andonovska-Trajkovska
University "St. Kliment Ohridski" - Bitola
**53** PUBLICATIONS **5** CITATIONS

SEE PROFILE


Gordana Stojanoska
University "St. Kliment Ohridski" - Bitola
**8** PUBLICATIONS **0** CITATIONS

SEE PROFILE

Available from: Daniela Andonovska-Trajkovska
Retrieved on: 08 June 2016

УДК 0/9. ISSN 0420-0950

МАКЕДОНСКО НАУЧНО ДРУШТВО - БИТОЛА
Р. МАКЕДОНИЈА
MACEDONIAN SCIENCE SOCIETY – BITOLA
R. MACEDONIA

# ПРИЛОЗИ
# CONTRIBUTIONS

Бр.
19–20



| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ПРИЛОЗИ | XI | Бр. 19-20 | 1 - 200 | БИТОЛА 2015 |

UDK 0/9

ISSN 0420-0950

**МАКЕДОНСКО НАУЧНО ДРУШТВО – БИТОЛА**
**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**MACEDONIAN SCIENCE SOCIETY – BITOLA**
**REPUBLIC OF MACEDONIA**

# ПРИЛОЗИ
# CONTRIBUTIONS

# 19-20

**БИТОЛА - 2015 - BITOLA**



| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ПРИЛОЗИ | XII | Бр. 19-20 | 1 - 200 | БИТОЛА 2015 |

**СПИСАНИЕ НА НАУЧНИ И СТРУЧНИ ТРУДОВИ НА ЧЛЕНОВИ НА МАКЕДОНСКОТО НАУЧНО ДРУШТВО - БИТОЛА 19-20, 2015 1-200**

Адреса на издавачот
Македонско научно друштво – Битола, Ленинова бр. 39, п.фах 145
Р. Македонија

Списанието излегува двапати годишно или како двоброј, бесплатно

Уредувачки совет
Доц. д-р Марјан Танушевски, Панде Петровски, м-р Никола Главинче, Милица Димитријовска Радевска, д-р Нико Јанков, проф. д-р Габриела Ракичевиќ, м-р Димитар Спасевски, доц. д-р Виолета Јанушева

Редакциски одбор
Проф. д-р Миле Миќуновиќ (главен и одговорен уредник), Добре Тодоровски (уредник),Марија Димова (технички уредник), доц. д-р Виолета Јанушева, д-р Весна Калпаковска, д-р Александар Литовски, м-р Емилија Јашовиќ- Сивеска

**COLLECTION OF PAPERS OF THE MACEDONIAN SCIENCE SOCIETY – BITOLA 19-20, 2015, 1-200**

Author's address
Macedonian Science Society - Bitola, Leninova br. 39, P.O BOX 145 - Macedonia The issue appears twice a year or as two - number, free of charge

Editorial Council
Doc. Phd Marjan Tanusevski, Pande Petrovski, MSc Nikola Glavince, Milica Dimitrijovska Radevska, Dr Niko Jankov, prof. Phd Gabriela Rakicevik, MSc Dimitar Spasevski, doc. Phd Violeta Januseva

Editorial Board
Prof. Phd Mile D. Mikunovik (Editor-in-chief), Dobre Todorovski (editor), Marija Dimova (technical editor), Doc. Phd Violeta Januseva, Phd Vesna Kalpakovska, Phd Aleksandar Litovski, MSc Emilija Jasovik-Siveska

ПРЕДГОВОР ..........

ПРИМЕНЕТИ НАУКИ И

Миле Д. МИЌУНОВИЌ,
Љубица М. МИЌУНОВИ
Повреди од мечка ..........

ИСТОРИСКО-ГЕОГРАФ

Александар ЛИТОВСКИ
Прилог за убиството на С
година ..........

ЛИТЕРАТУРА И ЛИНГВ

Стојан РИСТЕСКИ
Прва книга за масони од

TA

PREFACE..........

APPLIED SCIENCES AND

Mile D. MIKUNOVIK, Jov
Ljubica M. MIKUNOVIK
Injuries from bear ..........

HISTORY AND GEOGRA

Aleksandar LITOVSKI
Contribution on the murde
in Bitola in 1926..........

LITERATURE AND LING

Stojan RISTESKI
First book about the Mason

## СОДРЖИНА

ПРЕДГОВОР ........................................ 5

ПРИМЕНЕТИ НАУКИ И МЕДИЦИНА

Миле Д. МИЌУНОВИЌ, Јованка ТОЧКО, Миќун М. МИЌУНОВИЌ, Љубица М. МИЌУНОВИЌ
Повреди од мечка ........................................ 9

ИСТОРИСКО-ГЕОГРАФСКИ НАУКИ

Александар ЛИТОВСКИ
Прилог за убиството на Спасое Хаџи Поповиќ во Битола во 1926 година ........................................ 17

ЛИТЕРАТУРА И ЛИНГВИСТИКА

Стојан РИСТЕСКИ
Прва книга за масони од Македонија ........................................ 29

---

## TABLE OF CONTENTS

PREFACE........................................ 5

APPLIED SCIENCES AND MEDICINE

Mile D. MIKUNOVIK, Jovanka TOCKO, Mikun M. MIKUNOVIK, Ljubica M. MIKUNOVIK
Injuries from bear ........................................ 9

HISTORY AND GEOGRAPHY

Aleksandar LITOVSKI
Contribution on the murder of Spasoe Hadzi Popovik in Bitola in 1926........................................ 17

LITERATURE AND LINGUISTICS

Stojan RISTESKI
First book about the Masons from Macedonia ........................................ 29

## СОДРЖИНА


редговор ........................................................................................ 41

нта ДУМБУРОВСКИ, Ѓорѓи ЛАЗАРЕВСКИ
ажни карактеристики во седумдесетгодишниот развој на
бразованието во Битола и битолско .................................................... 42

ета СТОЈЧЕВСКА-АНТИЌ
а Македонскиот јазик во Битола и дијаспората (јазикот меѓу
раматиката и книжевната историја) ..................................................... 58

енде СОЛУНЧЕВСКИ, Вангелко ЛОЗАНОСКИ
едумдесет години настава на македонски јазик во
емирхисарско ........................................................................................ 62

икола В. ДИМИТРОВ
едумдесет години настава на македонски јазик
 Цапари и цапарско ............................................................................... 74

нежана СТОЈАНОСКА, Даниела АЃДОНОВСКА-ТРАЈКОВСКА
етодички аспекти на букварот од Ѓорѓи Делчев ............................... 91

тоше КОЧАНКОВСКИ
чителската школа „Браќа Миладиновци“ во образовниот
истем на Битола и битолско .................................................................. 99

орѓи ДИМОВСКИ-ЦОЛЕВ
сеќавања за годините поминати во гимназијата
Гоце Делчев“- Битола (1945-1948 год.) .............................................. 111

етко МИТРЕВСКИ, Нико НАУМОВ
доделување на наградата „Кирил и Методиј“ на просветни
аботници од Општина Битола ............................................................... 122

лександра ГЕЦОВСКА
теклото и влијанието на туѓите зборови во
итолската образовна средина ................................................................ 136

рпчо ВАСИЛЕВСКИ, М-р Катерина ВАСИЛЕВСКА
редуслови и почеток со работа на учителската школа ........................ 153

есна ЈОВКОВСКА
рвите училишта на македонски јазик во Битола и битолско ............. 160

ања МИРЧЕВСКА
едумседет години настава на македонски јазик ................................. 174

## TABLE OF CONTENTS

PREFACE .................................................................................................... 41

Gjorgji LUMBUROVSKI, Gjorgji LAZAREVSKI
Some attributes of the seventy-years educational
development in Bitola and its' surroundings ........................................... 42

Vera STOJCEVSKA-ANTIK
On the Macedonian language in Bitola and the Diaspora (the
language in between grammar and literature) ......................................... 58

Mende SOLUNCEVSKI, Vangelko LOZANOSKI
Seventy years education in Macedonian language in the
Demir Hisar region ................................................................................. 62

Nikola V. DIMITROV
Seventy years education in Macedonian language
in the Capari region ................................................................................ 74

Gordana STOJANOVSKA, Daniela ANDONOVSKA-TRAJKOVSKA
Methodical aspects of the ABC book by Gjorgji Delcev ......................... 91

Jovan KOCANKOVSKI
The school for teachers "Braka Miladinovci" in the educational
system of Bitola and its surrounding ....................................................... 99

Gjorgji DIMOVSKI-COLEV
Memories of the years spent in the "Goce Delcev" gymnasium
in Bitola (1945-48) ................................................................................ 111

Petko MITREVSKI, Niko NAUMOV
The "Cyril and Methodius" awards for educational
workers in Bitola .................................................................................. 122

Aleksandra GECOVSKA
The origin and impacts of foreign words in the educational
surroundment of Bitola .......................................................................... 136

Ljupco VASILEVSKI, Katerina VASILEVSKA
Pre-condtions and launching the scool for teachers ................................ 153

Vesna JOVKOVSKA
The first schools in Macedonian language in the Bitola region ............. 160

Sanja MIRCEVSKA
Seventy years of education in Macedonian language ............................. 174

ДОЦ. Д-Р ДАНИЕЛА АНДОНОВСКА-ТРАЈКОВСКА
ДОЦ. Д-Р ГОРДАНА СТОЈАНОСКА
Педагошки факултет-Битола
Универзитет „Св. Климент Охридски“-Битола

# МЕТОДИЧКИ АСПЕКТИ НА БУКВАРОТ ОД ЃОРЃИ ДЕЛЧЕВ

**Апстракт**

Букварот од Ѓорѓи Делчев како извор на знаења и учебник во наставата по почетно описменување беше во употреба долг временски период, така што остави длабок печат врз многу македонски првачиња – сега веќе возрасни луѓе кои со радост се сеќаваат на својот прв учебник. Со овој труд се прави обид да се препознаат методичките аспекти на Букварот преку анализа на неговата содржина и утврдување на неговата структура. Предмет на анализа е XIV издание на Букварот, т.е. Буквар: за одделно изучување на печатните и ракописните букви од Ѓорѓи Делчев во издаваштво на Просветно дело од Скопје од 1999 година.

Клучни зборови: Буквар, почетна писменост, Делчев

## ВОВЕД

Букварот од Ѓорѓи Делчев за одделно изучување на печатните и ракописните букви е одобрен за употреба во наставата по почетно описменување со решение на Републичкиот педагошки совет на СРМ под бр. 03-619 од 3.05.1984 година и се употребува до времето на реструктурирање на осумгодишното во деветгодишно основно образование (2007/8). Оттогаш, Букварот има доживеано многу изданија кои не се идентични (илустрациите не се исти, но се разликува и по редоследот на изучувањето на буквите како и во делови од текстуалниот дел).

Предмет на анализа во овој труд е XIV издание на Букварот (Делчев, Ѓ. (1999). Буквар: за одделно изучување на печатните и ракописните букви, Скопје: Просветно дело). Уредник на учебникот е Николина Андовска, а рецезенти се: Мухамед Мурадбеговиќ (професор на Филозофскиот факултет во Сараево), Стамен Кузмановски (самостоен педагошки советник во Заводот за унапредување на предучилишното и основното образование и воспитание од Куманово) и Надежда Марковска (учителка во ОУ „Доситеј Обрадовиќ“-Скопје).

Букварот започнува со три тестови за проверка на предзнаењата на учениците. Со првиот тест се проверува дали ученикот може да ги изговара гласовите, но и дали ги знае буквите или колку букви знае, така што врз основа на тоа учениците се сврстуваат во седум групи: ученикот ги познава сите букви; познава до: 25; до 20; до 15: до 10: до 5 букви. Не познава ниту една буква. Вториот тест е наменет за учениците кои ги познаваат сите букви. Со вториот тест се проверува гласното читање на учениците, т.е. само првата компонента на читањето – артикулацијата, а се констатира дали ученикот чита правилно, считува или срица. Со третиот тест се проверува дали ученикот го разбира прочитаното, по што се констатира дека: разбира, делумно разбира, не разбира што чита.

Букварот е составен од две тематски целини и тоа:

Изучување на печатните букви и читањето

Изучување на ракописните букви и пишувањето

Во првата тематска целина има содржини од предбукварската фаза во којашто е предвидено запознавање на учениците со училишниот живот, говорење и подготовка на учениците за читање и пишување и содржини од првата половина на букварската фаза каде има содржини за изучување на печатните букви и читањето.

Во втората тематска целина се изучуваат ракописните букви и пишувањето, но има и текстови за вежбање на читањето и пишувањето како преод од букварската во побукварската фаза.

Во Букварот има и илустрации кои служат како мотивација за читање, но и за поттикнување на разбирањето на учениците при читањето како и за развој на флуентното читање. Автор на илустрациите на XIV издание е Томе Маневски.

## ПРВА ТЕМАТСКА ЦЕЛИНА: ИЗУЧУВАЊЕ НА ПЕЧАТНИТЕ БУКВИ И ЧИТАЊЕТО

### 1. Запознавање со училишниот живот, говорење и подготовка на учениците за читање и пишување во предбукварската фаза

Во првата тематска целина, на 10 страници се сместени вежби за запознавање на ученикот со училишниот живот, вежби за говорење и вежби за подготовка на ученикот за читање и пишување. Вежбите за запознавање со училишниот живот се воедно и вежби за набљудување и развој на говорењето на кај учениците, бидејќи тие се поттикнуваат да набљудуваат и да зборуваат за своето опкружување. Преку овие вежби, учениците се воведуваат и во оформувањето на претстава за зборот како јазична единица, бидејќи доаѓаат до сознание дека секој предмет во училницата и секој предмет во нивното опкружување

си има свое име, т.е. претставува збор. Подготовката за читање на учениците се прави преку запознавање на ученикот со поимите: расказ, реченица, збор, буква/глас и тоа со примена на аналитички пристап. Тоа значи дека ученикот, на почетокот, станува свесен за поимот текст, т.е. расказ преку вежби со кои се поттикнува усното раскажување (Состави расказ според овие цртежи, стр. 10; Според сликите раскажи што се случило, стр. 11; Раскажи што му се случило на малиот рибар, стр. 14) со помош на серија слики (4 слики). Потоа, ученикот на непосреден начин и по аналитички пат се запознава со поимот реченица, а потоа и со поимот збор (За секоја слика состави по една реченица, стр. 12; Раскажи што му се случило на малиот рибар. Потоа состави реченици за рибарчето. Кажи од по колку збора е составена секоја реченица, стр. 14; Според цртежов состави реченици за есента. Потоа кажи од по колку збора е составена секоја реченица, стр. 15). Вежби за гласовна микроанализа во оваа предбукварска фаза не се предвидени, а тоа значи дека со аналитичкиот пристап, учениците се запознаваат со поимот текст на практичен начин, а потоа и со поимот реченица, па со поимот збор. Се практикуваат и вежби за јазична макроанализа на реченица што подразбира идентификување на зборовите во рамките на реченицата и броење на зборовите во реченицата.

Вежбите со кои ученикот се подготвува за пишување започнуваат многу рано, т.е уште на вториот наставен час, а успешно се комбинираат со вежбите за развој на говорењето и запознавањето со јазичните единици (текст, реченица и збор). Преку вежбите за подготовка на ученикот за пишување учениците се запознаваат со елементарните црти од кои се составени печатните букви и тоа: права исправена линија, права легната линија, долен полукруг, горен полукруг, лев полукруг, десен полукруг, коса линија налево, коса линија надесно и круг. Со овие вежби се развива ситната мускулатура на раката на ученикот, точноста, прецизноста на движењата, координацијата на движењата, развојот на волјата (вежбите се дадени во поширок контекст, т.е не се изолирани активности),... Вежбите за пишување во букварот се насочени активности во кои на ученикот му е покажано како треба да ги изведува движењата преку започнати и недовршени цртежи во кои се комбинираат елементарните црти од кои се составени печатните букви.

### 2. Изучување на печатните букви и читањето во букварската фаза

При изучувањето на печатните букви паралелно се поттикнува и читањето. Од 17 до 67 страница има содржини за изучување на

печатните букви и тоа по следниов редослед: А, Н, Е, М, И, С, Т, О, В, Д, П, Л, У, Р, К, Г, Б, Ј, З, Ж, Ш, Ч, Ц, Ќ, Ѓ, Њ, Љ, Ф, Х, Џ, Ѕ. На почетокот се препорачува монографскиот пристап за изучување на буквите, а потоа печатните букви се изучуваат во пар, така што се идентификуваат следниве парови: Д и П, У и Р, Г и Б, Ј и З, Ж и Ш, Ч и Ц, Ќ и Ѓ, Њ и Љ, Ф и Х, Џ и Ѕ. За изучување на буквата А, дадени се слики од предмети чие име започнува на буквата А. Под секоја слика е напишано името на предметот што е претставен на сликата. Овде се забележува остаток од аналитичкиот метод – метод на нормални зборови. И тука се практикува, така наречено божемско читање, бидејќи учениците кои се описменувале со овој буквар и кои се запишувале во прво одделение без предзнаења од почетната писменост, читале со помош на дадените слики. Учениците се поттикнуваат да ги прочитаат зборовите и да уочат со кој глас започнуваат зборовите. Оттука доаѓаат и до поимот буква како писмен знак за гласот. Откако наставникот на таблата во линискиот систем покажува и гласно објаснува како се пишува големата печатна буква А, учениците пишуваат на таблата и во своите тетратки за почетно пишување по еден ред од буквата А. Истата методска постапка се применува и за малата печатна буква А. Потоа се препорачуваат вежби за пишување на буквите и за идентификување на гласот А и на буквата А во изговорени и напишани зборови. На истиот начин учениците се запознаваат и со втората буква Н, но и со третата – Е, со таа разлика што сега освен божемското читање има и вистинско читање на зборовите Ана и Ена (зборови што ги содржат изучените букви). По овие три изучени букви има предвидувачки текст (стр. 20) од неколку реченици во кои има комбинација од зборови и слики. Се практикуваат и вежби за пишување. На сличен начин е предвидено да се изучат и М и И, а и по нив има предвидувачки текст со којшто се развива флуентното читање кај учениците. По оваа група од 5 големи и мали печатни букви, следуваат вежби за пишување со изучените букви и по нив се изучуваат на сличен начин и С и Т. Следуваат вежби за составување на зборови од дадени букви и вежби за составување на реченици од дадени зборови.

Буквите што следуваат се изучуваат со помош на едноставен расказ со теми од секојдневието на учениците: семејниот живот, работата на луѓето на село, меѓучовечките односи, другарството, хуманата природа на човекот, одењето на лекар, родендените, годишните времиња, убавото однесување, детската игра, дружењето на учениците за време на малите и големите одмори и училишниот живот. Има и приказни за животни и неколку басни. Застапени се текстови од домашни, но и странски автори и тоа: И. Митревски, Ѓорѓи Стојчевски, Ф. Камалов, Глигор Поповски, Л. Н. Толстој,



Славка Манева, Велко
Најдовски, Момчило Т
Вежбите за пиш
наставните единици з
група и тоа најчесто п
за пишување.
При изучувањет
букви, се применува
бидејќи се забележува
во расказот, наставни
кратки прашања за д
идентификување и обј
на излезна реченица к
напишана на лист хар
(се чита реченицата и
да се идентификува и
во којшто ја има нова
прави микројазична а
зборот, вежби за изг
од кои е составен на
којшто се пишува бук
мала буква), вежби за
за составување и пиш
Во оваа тематск
на зборови од даден
зборови, составување
и пишување на бро
се запознаваат и со
правилна употреба и
дадени зборови, упот
и сопствени именки),
исто така учат и деф
Вежбите за разв
разговор, културна
целина и се распоре
нови печатни букви.
читањето.

Славка Манева, Велко Неделковски, Пени Трпковски, А. Мита, Тихо Најдовски, Момчило Тешиќ, Миленко Ратковиќ, Стојан Тарапуза.

Вежбите за пишување со изучените букви се наоѓаат меѓу наставните единици за изучување на печатните букви од втората група и тоа најчесто по две, три или четири букви следуваат вежби за пишување.

При изучувањето на втората и третата група од печатните букви, се применува аналитичко-синтетичкиот гласовен метод, бидејќи се забележуваат следниве делови од наставниот час: вовед во расказот, наставникот го чита расказот, наставникот поставува кратки прашања за да провери дали ученикот го разбира текстот, идентификување и објаснување на непознатите зборови, извлекување на излезна реченица којашто се запишува на таблата или претходно е запишана на лист хартија со поголем формат, јазична макро анализа (се чита реченицата и се бројат зборовите од кои е таа составена за да се идентификува излезен збор), извлекување излезен збор (збор во којшто ја има новата буква), зборот се запишува на таблата и се прави микројазична анализа (анализа на гласовите од кои е составен зборот, вежби за изговор на гласот, а потоа и анализа на буквите од кои е составен напишаниот збор), демонстрација на начинот на којшто се пишува буквата, вежби за пишување на буквите (голема и мала буква), вежби за читање на расказот (учениците читаат), вежби за составување и пишување зборови и реченици.

Во оваа тематска целина, има вежби за: правилно составување на зборови од дадени букви, уочување на грешките во напишани зборови, составување на реченица, поделба на зборовите на слогови и пишување на броевите од еден до десет. Притоа, учениците се запознаваат и со некои правописни правила, како на пример, правилна употреба и пишување на согласките љ и њ, к и ќ, г и ѓ во дадени зборови, употреба на големата буква (на почеток од реченица и сопствени именки), употреба на интерпункцискиот знак точка), но исто така учат и дефиниција за реченица.

Вежбите за развој на говорењето (раскажување по серија слики, разговор, културна комуникација) се наоѓаат во првата тематска целина и се распоредени меѓу наставните единици за изучување на нови печатни букви. Исто така има и текстови преку кои се вежба читањето.

## ВТОРА ТЕМАТСКА ЦЕЛИНА: ИЗУЧУВАЊЕ НА РАКОПИСНИТЕ БУКВИ И ПИШУВАЊЕТО ВО БУКВАРСКАТА ФАЗА

### Изучување на ракописните букви и пишувањето

Втората тематска целина започнува од стр. 69, а завршува на стр. 111. Големите и малите ракописни букви се изучуваат во парови (освен Ж којашто се изучува со монографски метод) и тоа по следниов редослед: А и М, Е и Л, С и И, Н и О, В и У, Т и К, Ј и Р, Д и Б, П и Ш, З и Г, Ж, Ц и Ч, Ѓ и Ќ, Љ и Њ, Ф и Х, Џ и Ѕ. Ракописните букви се изучуваат со посочување на нивната сличност со печатните букви. Во оваа фаза, повеќе акцент се става на пишувањето, така што најпрво на учениците им се покажува како се пишува новата ракописна буква, а потоа како се поврзува при пишувањето на зборови со веќе изучените букви. По изучувањето на првите 8 букви, понудена е писмена вежба за препишување со ракописни букви на зборови напишани со печатни букви.

Со следните 15 букви учениците се запознаваат со помош на краток расказ напишан со ракописни букви, така што се покажува како правилно треба да се поврзуваат ракописните букви при пишувањето. Меѓу изучувањето на оваа група од 15 букви има и говорни вежби (раскажување по серија слики: стр. 78-79, 87, 94) и текстови за вежбање на читањето со печатни букви (стр.: 80, 83, 85, 88) и јазични вежби. Од јазичните содржини треба да се споменат: вежбите за правилна употреба на големата буква (стр. 91), вежбите со синоними (стр. 91), вежбите за составување на реченица од дадени зборови (стр. 95), вежбите за правилниот ред на зборовите во реченицата (стр. 93), вежбите за пишување на броевите од единаесет до дваесет со ракописни букви (стр. 97), видовите реченици (расказни, прашални и извични), правилната употреба на интерпункциските знаци: точка, прашалник, извичник и запирка (дефиниција, примери и вежби, стр. 98-99).

Во последната група од 8 букви (Ѓ и Ќ, Љ и Њ, Ф и Х, Џ и Ѕ), буквите се изучуваат преку краток расказ напишан и со печатни и со ракописни букви, т.е. средишниот текст е напишан со ракописни букви.

На страница 105 има предлог за писмена вежба со којашто се развива читањето со разбирање, бидејќи на учениците им се дава текст во којшто недостасуваат зборови, а зборовите што недостасуваат се ставени на едно место, т.е. во рамка поставена од левата страна на текстот. Учениците треба да го прочитаат текстот во себе, да го



разберат, да го препи
ги напишат на соодве

За изучување н
домашни и странски
Петко Домазетовски,
Вангели, Едо Вајнахт
Сергеев и Цветко Заго

**Вежби за читан**

Откако учениците
се понудени и 8 текст
печатни и ракописни
учебник од Ѓорѓи Де
текстовите се: Божида
Бистрица Миркуловск

Букварот од Ѓорѓ
на учениците во пр
образование. Во него се
на печатните букви и ч
пишувањето. Букварот
го применува аналити
описменување. Тоа зн
организираат вежби з
животзаедно со подгото
текст, реченица, збор,
вежби за развој на си
вежби за усвојување
печатните букви. При из
воглавно, монографски
печатни букви, учениц
анализа стигнуваат до н
писмениот знак на гласо
букви е преку краток рас
и излезни зборови, се ст

При изучувањето
на пишувањето. Откак
пишувањето со другите
расказ напишан со рако

разберат, да го препишат во своите тетратки за училишна работа и да ги напишат на соодветното место сите зборови што недостасуваат.

За изучување на ракописните букви понудени се текстови од домашни и странски автори: Стјепан Јакшевац, Евгенија Шуплинова, Петко Домазетовски, Велко Неделковски, М. Буљан, Спиридон Вангели, Едо Вајнахт, В. Станојчиќ, Рајко Јовчески, Киро Донев, Л. Сергеев и Цветко Загорски.

### Вежби за читање и пишување во побукварската фаза

Откако учениците ќе ги изучат сите ракописни букви во Букварот се понудени и 8 текстови за вежбање на читањето и пишувањето со печатни и ракописни букви (побукварската фаза продолжува со друг учебник од Ѓорѓи Делчев: Читанка за прво одделение). Автори на текстовите се: Божидар Тимотијевиќ, Кетрин Џексон, Рајко Јовчески, Бистрица Миркуловска.

## РЕЗИМЕ

Букварот од Ѓорѓи Делчев е учебник наменет за описменување на учениците во прво одделение од осумгодишното основно образование. Во него се забележуваат две тематски целини: изучување на печатните букви и читањето и изучување на ракописните букви и пишувањето. Букварот е така подготвен за наставникот да може да го применува аналитичко-синтетичкиот гласовен метод за почетно описменување. Тоа значи дека на почетокот од учебната година се организираат вежби за запознавање на ученикот со училишниот животзаедно со подготовката за читање преку усвојување на поимите текст, реченица, збор, буква/глас и подготовка за пишување преку вежби за развој на ситната мускулатура на раката на ученикот и вежби за усвојување на елементарните црти од кои се составени печатните букви. При изучувањето на печатните букви се применува, воглавно, монографскиот пристап. За усвојување на првата група печатни букви, учениците читаат зборови и со елементарна јазична анализа стигнуваат до новиот глас, го изговараат и се запознаваат со писмениот знак на гласот – буквата. Изучувањето на другите печатни букви е преку краток расказ, при што со анализа на излезни реченици и излезни зборови, се стигнува до гласот/буквата.

При изучувањето на ракописните букви главен акцент се става на пишувањето. Откако ќе се усвојат неколку ракописни букви, пишувањето со другите ракописни букви се изведува преку краток расказ напишан со ракописни букви или преку расказ напишан и со

ракописни и со печатни букви. На крајот има текстови за вежбање на читањето и пишувањето и со печатни и со ракописни букви.

Букварот од Ѓорѓи Делчев има значајна улога во описменувањето на македонските ученици, затоа што долг временски период се употребува на овие простори, но и поради тоа што е подготвен со почитување на основните дидактички принципи за изработување на учебно помагало за почетно описменување: достапност, актуелност и современост (за тоа време), естетика, рационалност и економичност, систематичност и постапност.

**Литература**

Делчев, Ѓ. (1999). Буквар: за одделно изучување на печатните и ракописните букви. Скопје: Просветно дело.



М-Р ЈОВАН Д

**УЧИТЕЛСКА**
**ВО ОБРАЗОВНИ**

По завршувањe
војна на Македониј
Македонија од фа
АСНОМ, кој ја има
Македонија, постое
решавање, Президиу
еден вид министерст
културата било форм
раководел повереник,
за просвета бил проф
станал секретар на Пр
Стојан Мире, популар
и градските Народн
службеници со офи
Обласен НОО раков
кога тој заминал на др
Теодосиевски. Со сек
раководел учителот И
Битола, на таа должно

Според Епима
ресор, односно во о
деликатна - сложена:
борба против неписм
Значи, сме биле без ма
македонска литература
наставници, професор
требало од почеток.

За македонскат
јазикот, Поверенствот
за отворање на основн
кај возрасните, бил по
кадар бил мошне голе
кадар особено за уч
мобилизација на млади
а до учениците од 6ти, 7
апел, доброволно да се ј

ИЗДАВАЧ
МАКЕДОНСКО НАУЧНО ДРУШТВО - БИТОЛА

*
ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК
МИЛЕ Д. МИЌУНОВИЌ

*
ТЕХНИЧКИ УРЕДНИК
МАРИЈА ДИМОВА

*
ЛЕКТОР
ВИОЛЕТА ЈАНУШЕВА

*
ИДЕЈНО И ГРАФИЧКО РЕШЕНИЕ
ПАНДЕ ПЕТРОВСКИ

*
КОМПЈУТЕРСКА ПОДГОТОВКА
„КС ГРАФИКА“ - БИТОЛА

*
ПЕЧАТИ
„КС ГРАФИКА“ - БИТОЛА

*
АПРИЛ, 2015

*
ТИРАЖ
500 ПРИМЕРОЦИ

Изавањето е финансиски помогнато од страна на
Министерство за култура на Р. Македонија